СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Четириесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 мај 1996 година

Скопје, мај 1996 година

## ЧЕТИРИЕСЕТ И ЧЕТВРТА (44) СЕДНИЦА, ВТОРО ПРОДОЖЕНИЕ, ОДРЖАНА НА 7 МАЈ 1996 ГОДИНА

1. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ 14, 16
2. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН 40, 42, 60
3. ИБРАИМИ САМИ 5, 9
4. КАДРИУ ЗЕКИР 24
5. МЕШКОВ ЉУПЧО 23
6. МУРАТИ ЏЕЛАДИН 1
7. ОСМАНИ РУФИ 44, 50, 51, 59
8. ПЕТКОВСКИ ТИТО 1
9. РАМАДАНИ САЛИ 10, 62, 63
10. РАМАДАНИ ХИСЕН 27
11. РАМАДАНИ ИСМЕТ 38
12. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 29, 49
13. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР 42
14. ТРАЈКОВ РИСТО 47, 49
15. ТОДОРОВА СОФИЈА 56, 61
16. ФИЛИПОВСКИ БЛАЖЕ 34 (ја води седницата)
17. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН 17, 21
18. ХАСИПИ КЕНАН 53
19. ЧАДИКОВСКИ ЉУБОМИР 13
20. ШАЌИРИ ХИСНИ 34, 36

претрес по предлогот за донесување на ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Т.9 -стр.64
Т.4 -стр.71
Т.5 -стр.72
Т.10 -стр.74
Т.11 -стр.75

к р а ј н а с е д н и ц а т а!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Второто продолжение на Четириесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 7 мај 1996 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1, со почеток во 11,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа . раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Да ве потсетам, дека застанавме на претресот по предлогот за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование.

Само една информација, пратениците Димче Настески, и Симон Наумовски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Дали уште кој бара збор?
Г-динот Мурати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, застанавме на една мошне широк и остра расправа по повод предложениот закон за измени и дополнување на законот за основно образование во кој се

изменуваат две значајни прашања, а тоа е водењето на педагошката евиденција во основното и во средното образование. Расправата уште еднаш покажуваше дека ова Собрание и во оваа Република е потребно донесување на еден мошне значаен закон, закон за употреба на јазиците на националностите во РМ, со кои би се уредувале и решиле битни прашања во однос на употребата на јазикот на разни нивоа, степени, структури, вклучувајќи го тука и образованието и образовниот систем на Републиката.

Се знае дека секој закон се донесува, има смисла и суштина, истовремено и оправданост а по истиот регулира и унапредува прашања кои се од интерес за граѓаните. Ако ги унапредува состојбите и односите во кои тие се наоѓаат и делуваат а секако ќе биде лош закон ако истиот закон веќе едни одредени состојби ги уназадува, како што е во конкретниот случај со овој предлог на закон. Мене ми е простор несфатливо зошто се плашиме и што ќе губи РМ и македонскиот народ ако педагошката евиденција се води на јазикот на кој се води наставата. И обратно мислам дека со тоа само добиваат демократските процеси, со тоа само се унапредуваат меѓуетничките односи, со тоа само се унапредуваат општите состојби во нашата Република.

Со самиот факт што педагошката евиденција се води на јазикот на кој се изведува наставата не се негира македонскиот јазик, туку напротив и тој јазик добива свој статус, истовремено и јазикот на националностите, кој во конкретниот случај се применува во водењето на педагошката евиденција во училиштата. Не се негира, ниту ќе губи македонскиот јазик од причина што педагошката документација, која е една суштинска детерминанта, еден суштински елемент на воспитнообразовниот процес

се води двојазично. Но, дека евиденцијата за која ценам не е техничко прашање, е суштинско прашање и понатаму останувам на тоа дека треба да се води на јазикот на кој се изведува наставата, бидејќи истовремено употребата на јазикот во овој конкретен случај претставува и индивидуално право на наставникот, на носителот на воспитнообразовниот процес, бидејќи со тоа се опфаќаат не само дневникот на одделението, односно класот, туку се опфаќаат планот, годишното распределение на наставникот, дневните подготовки, конспектот, тематските планирања и тн. На нас сите ни е јасно дека 5 години се расправа аз употребата на јазикот и конкретно за педагошката евиденција и документација, за која ценам дека за која и истакнав не е техничко, ниту незначајно прашање, туку напротив тука станува збор за статусот на јазикот на националностите во овој конкретен случај на албанскиот јазик во воспитно образовниот систем.

Евиденцијата до колку се води како и што се води, на јазикот на кој што се изведува наставата ништо не менува, во структурата на воспитнообразовниот процес. Ништо не менува во примената на наставните процеси и промени. Ништо не менува во употребата на принципите, методите, наставните средства итн. Но, тоа како средство овозможува едно конкретно прашање, изразување на наставникот и внесување во формуларите во дневникот, забелешките, наставните содржини, формите и сите аспекти, сегменти кои опфаќаат педагошката евиденција на јазикот на кој се изведува наставата со залагање и со барање истите да се пренесат во педагошката документација, која има трајна вредност и во јавните исправи, кои ги добиваат учениците двојазично.

Се залагам евиденцијата и документацијата да се води на јазикот на кој се изведува наставата. А јавните исправи, кои точно се дефинирани во самиот закон да се издаваат и понатаму, се додека не се наоѓа поконкретен решение двојазично. И одлуката на Уставниот суд за бришење на делот каде се вели Педагошката евиденција се води на јазикот на кој се изведува наставата, исто така е противуставно и е политичка, а не правна одлука. Од тие причини природно е рестрикциите и ограничувањата или редукциите на правата да ги доживуваме со една изразена емоционалност и критичност. Нормално е овие состојби да предизвикуваат фрустрации негодувања, револт, не само кај нас пратениците, туку и кај пошироката јавност, кај наставниците, бидејќи станува збор за употреба на јазикот во еден сегмент од воспитнообразовниот процес. Станува збор за нешто што е природно, за мајчиниот јазик, со кое се занимаваат специјалистите, за нејзино суспендирање, во овој случај Уставниот суд на РМ, кој ненавлегувајќи подлабоко во суштината и смислата на законската одредба за педагошката евиденција, која се води на албански јазик, односно на јазикот на националностите ја прогласува како неуставна со рестриктивна и тесно толкување на уставната одредба. При една поширока, поекстензивна, подемократска анализа, полиберален пристап на член 7 на Уставот на РМ, ценам дека Уставниот суд ќе немаше такво право, односно ќе одлучуваше како што е во самиот закон предвиден, педагошката евиденција да се води на јазикот на кој се изведува наставата. Но, за да се има доволно аргументи, Уставниот суд ги вбројува сите елементи кои ги опфаќа дневникот, односно класниот дневник на училиштето. Дека тука се пишува патрониот празник. Па, нормално, денес ако е ден на училиштето, ќе се пише не е одржана

настава, бидејќи се празнува патрониот празник на училиштето. Не е одржана настава заради прославата на 1-ви мај  меѓународен ден на трудот^итн. Но, тие толку ли се битни и значајни, што Уставниот суд оценува и зема при анализата на законот да донесува таква одлука. И во едни демократски односи и нормални нешта ова би го направиле само наивните песимисти и генијалните оптимисти дека со уставни решенија на Уставниот суд ќе ги унапредуваме односите и ќе создаваме ред и дисциплина во една мошне значајна област и сегмент на општественото живеење, како што е образованието и воспитанието во нашата Република.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Ибраими.

**САМИ ИБРАИМИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, често се зборувало од тука, често некои пратеници албанци беа децидивни со аргументирани дискусии од тука и ставаат до знаење дека некои работи еве шкрипат, не одат како што треба, но, за жал, не се слушаме внимателно и некако гласачката машина меле се пред себе.

Предлогот за донесување закон за основното и средното образование во врска со водењето на педагошката евиденција и на македонски јазик во училиштата каде што се предава на албански и турски јазик, една прилика тука да се кажат неколку зборови и за сегашноста, но и за многу блиското минато.

Уставниот суд не е тој кој што треба да се обвинува, Уставниот суд користи некои недоречености во нашиот Устав. И затоа, нормално, тие ловат токму тие недоречености со закони да ги регулираат. Значи, за мене Уставот е тој што треба нешто да се измени, а не некои закони за основното образование. Бидејќи ова односно со овој предлог закон се враќаме назад, и ме потсетува на некои темни сили од 80-тите години, кој непрестајно во разни форми се обидуваат со некакви закони да го направат првиот чекор кон асимилација на немакедонското население, пред се албанците.

Ќе ги напоменам тука само неколку апсурди. Забрана на употребата на топонимите во Републиката нас албански јазик, забрана на крштевање на новороденчињата албанци со оригинал албански имиња. Ве убедувам дека само во Скопје има неколку деца кои се со две имиња. Едно име е за матичарот, другото за фамилијата. Со создавањето на мешани паралелки, само во средните училишта на албански наставен јазик скоро ќе се успееше во тоа да не постои веќе средно образование на албански јазик, па и на турски јазик. Се бараше педагошката евиденција да се води само на македонски јазик, а знаете токму тоа донесе до многу недоразбирања, и на крај сите тие албанци кои не се согласуваа со овие нон сенс барања се казнуваа или се исклучуваа од работа, под поминистичкиот црвен слоган како албански национализам и иредентизам, па добар дел од нив и ден денеска се без работа или ја напуштиле Македонија се наоѓа некаде во Европа или преку Атлантикот.

Дали горенаведените примери не се аплицирани според светската метода која со децении беше применета врз кафкаските турски народи,

па врз и тогашните балтички републики. Ова нека ни биде поука и никогаш повеќе да не се повтори во овие простори. Дали ресорните министри ги добиваат, или барем се запознати со разни меѓународни извештаи, конвенции каде меѓу другото се критикува токму и РМ, како што се извештајот од известувачите на Европскиот Совет, Руфи, Питер Флај и некои други. Извештајот на Сер Џон флирен, судија на Европскиот суд за човекови права. Извештајот на Мазовјетски. Извештајот на генералниот секретар на 00Н г-дин Бутрос Бутрос Гали. Па, конвенцијата или рамковната конвенција на Советот на Европа. И на крај извештајот Американскиот Де партмент, кој е во неколку страници, а 7 страници се токму за Македонија. Не навлегувам што има во тие извештаи, но ресорните министри би требало, па и ние тука како пратеници би требало да сме запознати со овие, зашто има и критики, има и добри зборови, но за жал изгледа нашата политика само ги лови тие добри страни и ги заборава критиките, така што јавноста не знае каде се критикуваме, а каде се фалиме.

По мое мислење е дека моментално, или можеби за еден подолг период водиме двостандардна политика. Една политика за надвор, каде што ги прикриваме некои недоразбирања тука внатре и реалната политика која се води токму внатре во РМ. Со ова дезинформирање, ние мислиме дека го дезинформираме светот, но бидете уверени дека се лажеме само себе си, го дезинформираме себеси, а светот не ќе можеме да го дезинформираме.

Да кажам неколку збора и за предложениот закон. За мене законот е нон сенс неприфатлив и тенденциозен. Кога го велам ова пред се се потпирам врз моето убедување. Сум работел неколку години и се уште

сум просветар од комбинирани паралелки, па се до универзитет, дека со овој предлог закон приоритетна важност и се дава на формата на. наставата, а не целта и суштината на наставниот процес, што треба да ги учиме децата. Уште до ден денес немаме дефиниција што е тоа образование. Има разни дефиниции кои приближно се прифаќаат, но за секоја постои уште по некоја односно некои прашален збор како, зошто, но, па, може вака и така, така што секоја дефиниција може да се обори токму со овие интерогативни зборови. Но, ве уверувам дека во сите овие дефиниции, кои со векови се менуваат и не се конечни, никаде не се спомнува педагошката евиденција, или конспектот на наставникот што е сосема лична работа на наставникот и нема врска со педагошката евиденција.

Затоа, апелирам до ресорниот министер да се ослободи од овие маргинални и неважни и неприфатливи барања за водење на педагошката евиденција на двата јазика што е една многу неважна форма во образованието во споредба на суштината и целта на реализирањето на плановите и програмите во наставниот процес.

Апелирам до ресорниот министер да се ангажира сериозно во надминувањето на сериозните проблеми со кои се соочува во целина образованието во РМ. Да се направи нешто за квалитетот вон наставата, вон наставниот процес, а не во формата. Да се направи нешто да се заштити угледот на наставникот со подобрување на материјалната положба, која би значела сатисфакција и награда за вложениот труд во воспитувањето и издигнувањето на младото поколение, значи на нашите деца.

**САМИ ИБРАИМИ** (Продолжение)

На просветните работници македонци каде и да се, каде и да работат нема никако да влијае ниту позитивно, ниту негативно дали педагошката евиденција во училиштата со албански, или турски наставен јазик се води на двата јазика. Значи тоа не влијае воопшто врз процесот на воспитувањето и образованието во Македонија во целина, а пред се тоа нема да влијае во македонските училишта. Како што реков важна е суштината на образовниот процес, да се ангажираме за подобри услови за работа и нормално тоа што реков наставникот и албанец и македонец, па наставникот и турчин и други да се осеќаат дека работат под подеднакви услови, а моментално нивните услови се за никаде.Јас еднаш за секогаш би барал да им кажеме стоп на овие темни сили кои перманентно се движат околу нас, а можеби и меѓу нас кои тврдоглаво се обидуваат да ги ограничуваат или рестриктираат природните права на другите граѓани или сограѓани не само дека ќе имаме болно и сиромашно образование, туку ќе имаме болно и сиромашно општество, а да не зборуваме за недемократичност и апартхејд, а тоа сите знаеме дека не се прифатливи ниту за нас ниту за Европа, ниту за XXI-иот век. Затоа како што нагласив претходно за мене крив е уставот, недореченостите ембигуитетот во неколку членови на Уставот, значи двозначењето на неколку членови така што ако треба некој да се обвини тоа е уставот. Уставот треба да се стави на обвинителна клупа, на поправен испит да се поправат токму тие членови каде што има недоречености и со еден граѓански прифатлив устав за сите граѓани во Македонија, тука во Парламентот нема веќе да дискутираме за нон сенс некои предлог закони, туку ќе дискутираме за напредокот на стопанството, културата,

здравството, енергијата и се што е најважно кој не води кон Европа. Со вакви закони и предлог закони остануваме во Балканот, а знаеме дека целта на сите нас е Европа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Сакам да ве потсетам господа пратеници уште сме на терен на предлогот за изменување и дополнување на Законот за основното образование на Владата.

Има збор господинот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Со денеска со делумното укинување на член 81 на овој закон кој беше изгласан тука сакам ова Собрание некако ако можам да се обидам да го извлечам од овој ќор-сокак. Зошто? Во врска со овој предлог мутадис мутандис, значи да се измени она што се може да се измени важи тоа што сум го изјавил кога се донесуваше Законот за основното и средното образование. По овој повод само накратко. Одвај некако сепак нешто се исправи една стара аномалија во основните и средните училишта да се води педагошката евиденција на јазикот и писмото на кој се изведува наставата. После неколку обидувања на нестручни и деструктивни елементи, а и некоја скриена игра и на опонентите од илегалната влада па се изгледа со интерен договор Уставниот суд на Република Македонија донесол одлука со која се укинува делумно членот 81 став 2 од Законот за основното образование наводно дека тоа не било во согласност со член 7 од Уставот на Република Македонија. Уважениот Уставен суд на Република Македонија треба само да го толкува објективно ставот 2 и 3 од овој член и не би требало да има никакво недоразбирање. Се знае дека неговата одлука и кога е погрешна како што е во овој случај е конечна  и извршна член 112 став 3

од Уставот на Република Македонија. Меѓутоа, не треба да се потценува и законодавната власт која може да донесува иста, или слична одлука повторно, но и да ги анализира студиозно овие состојби и да превзема соодветни продуктивни, односно контрапродуктивни мерки. За да се исправи оваа најнова аномалија имаме поднесено и амандмани со кои интервенираме. Бидејќи се работи за иста материја овие забелешки важат и што се однесува до играта околу Законот за средното образование. Па да не се појавам повторно на говорница, меѓутоа кога веќе полемизирам со Уставниот суд на Република Македонија и тоа многу добро го знае, значи и ставот 2, односно 3 од Уставот член 7 меѓутоа треба да ни е јасна една работа. Во минатите дискусии некако контра ни дојдоа многу работи. Значи погрешно се тумачи и самото она што се предлага сега со овој закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование. Бидејќи во став 2 и 3 пишува дека таму каде националностите, да не цитирам конкретно и директно, таксативно тука, каде се во мнозинство. Истото важи и таму каде се во релативен број. Значи над 50%, односно 25% покрај македонскиот јазик и кирилското писмо, значи таму се употребува и јазикот и писмото на националностите. Меѓутоа со овој закон, со овој предлог како да избегавме од оваа вистина. Значи во овие училишта каде наставата се изведува на јазикот на националностите ако земеме и други принципи дека граѓаните пред законот се еднакви, да не ги цитирам, значи ние сме веќе на самиот почеток дискриминирани. Ако во едно училиште, во еден крај таму каде се во мнозинство националностите, или во релативен број значи не се еднакви оние учители, наставници и професори кои предаваат на јазикот на националностите. Понатаму во самиот устав, значи во член 9 само да ве потсетам граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободата и правата независно од полот, расата, бојата на

кожата, националното и социјалното потекло. Дали сме ние рамноправни кога еден учител,наставник, професор,~значи треба евиденцијата педагошка да ја води и на македонски и албански јазик, додека истиот колега кој работи со него со години ја води само на едниот јазик. Не сакав да го повторам тоа што го изнесоа тука на претходната седница моите колеги дека треба нормално и дупла работа и тоа е понижување и некоја недоверба, значи треба да му преведува сам наставникот тоа што напишал и што одржал во педагошката евиденција.

Една друга работа да не бидам многу долг, да земам само една работа што предлага Владата. Значи како и за сите други закони ни дава и извод од одредбите на Законот за основното образование. Ве молам најдов, не знам дали вие сте забележале при читањето на овој предлог или не, и едно намерно или ненамерно фалсификување. Додека во другите предлози секогаш значи има извод и точно некои од тие одредби се цитираат дословно. Не е случајно да испуштил затоа што не само во Предлогот за основното, туку и со аналогно и во средно образование оној дел. даречеме кој веќе Уставниот суд го укинува со одлука не постои воопшто погледајте само во овој извод. Значи после писмото на националностите а педагошката евиденција на јазикот и писмото на кој се изведува наставата. На некој начин мислат дека можеби пратениците нема да го читаат тоа, некако се избегнува и намерно.

Затоа предлагам, затоа имаме и амандман да она што тука беше усвоено на самата седница да не биде потценуван овој парламент нормално дека треба да се уважи она одлуката на Уставниот суд, меѓутоа ние сме законодавна власт и знаеме каква функција има судската власт, или самиот суд да или преку овие амандмани кои сме ги предложиле и на друг начин навистина да биде Парламентот она што треба; да е законодавна власт и на судот на некој начин се врши

контрола. А на крај знаете дека Уставниот суд се бира во Парламентот од вас и од нас тука заедно истовремено може да се разрешува Значи тотално овој суд со оваа "одлука ги прекршува уставните одредби посебно оние од член 7 став 2 и 3, а го потценува и ова Собрание. Затоа излезот е засега само во усвојувањето на овие амандмани кои ќе ги прочитам. Можеби не е ништо друго туку она што вие гласавте еден пат. Значи ако сте биле во право тогаш, сега не сте. Ако сте сега во право, ако се оди според она што бара во одлуката на Уставниот суд значи не сте биле во право ни тогаш. А ние што баравме тогаш се не се усвои и сега навистина нема тука само прашања опозиција туку самото Собрание се наоѓа во еден ќор сокак, бидејќи за жал и за среќа и јас сум дел од ова Собрание со овие забелешки научни,објективни и точни сакам ние да излеземе од оваа ситуација до која сме доведени.

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, на некој начин не мислев да се јавам за дискусија, но ме повлече на дискусија кога почитуваните колеги каде што се кажаа некои зборови што малку ме збунија, црни сили, апархејд, крив е Уставот, Европа треба да чуе, стејд де партментот кажал нешто, се бара квалитет во настава. Јас би имал една многу кратка дискусија кога би кажал и јас имам дополна со две зошто. Ако се видат статистичките податоци 1991-1994 година па би се запрашал зошто има укинување од 1991 до 1994 година училишта на македонски јазик, а зголемување на албански јазик во основните училишта, во средните исто така каде што е многу поголем бројот на албанските средни училишта, дупло вработување на албански наставници. Мислам не го бараме проблемот таму каде што можеме да го најдеме, а со ова се носиме во една ситуација дека најголемиот

проблем во основното и средно образование е таа евиденција. Таа ќе биде онака како што пишува во уставот. Тоа е едната работа. А другата работа е што е многу битна, би сакал на тој еден мој колега да му одговорам, јас стојам на располагање во се што можам да ви помогнам. Би прашал една работа. Зошто се поднесени барања за поведување прекршочна постапка и нивно реализирање по општини за 199 3, 199 4 година ќе ви кажам едни бројки. Тоа се оние родителите што не ги пуштаат децата во школо. Дебар има 130 пријави, Кичево има 155, Куманово 92, Тетово 330, Струга 124, Гостивар има 633 прекршочни пријави. За една компарација Делчево да речеме имала 1 и една била решена. Мислам дека проблемот треба да го бараме на друга страна. Таму каде што можеме да! бидеме и сите практични и каде што ќе размислуваме сите исто. Ако ние зборуваме во корист на децата да ја свртиме таа топка малку баш на кај нив, да не ја вртиме накај политиката. Податоците се такви што мислам и Европа тоа што го има кажано и Стејд де партментот ако некаде се пази на тие работи мислам дека на овие простори. Немојте да ги ставате децата и да ги убедуваме во тоа всушност моите ценети колеги дека таа евиденција ако не биде така; како што е тие ќе бидат многу полоши ученици и ќе бидат многу полоши граѓани на оваа држава. Напротив мислам дека сите проблеми настануваат во оној момент кога нив ќе ги ставиме пред нас. Да ја свртиме топката обратно, да видиме како можеме ние сите во оваа сала да им помогнеме. Со овие податоци ние нема да им помогнеме, туку да дојдат предлог на закони и амандмани кажете што е во корист на децата, јас прв ќе гласам со вас заедно.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Господине претс.едателе, почитувани пратеници, јас не излегов тука за да докажам што е пооправдано, односно дали педагошката евиденција треба да се одржи двојазично, или само на јазикот на кој се

изведува наставата од проста причина затоа што сметам дека тоа е кристално јасно од самата логика и од самата природа на самата дејност, односно работа. Јас сум сигурен и после измените кои се нудат сега педагошката евиденција верувам и сигурен сум во тоа дека ќе се води на јазикот на кој се изведува наставата затоа што тоа претставува интегрален дел од наставно образовниот процес. И не верувам дека министерот кој сега според овој закон кој ќе се усвои и ќе добие овластување со подзаконски акт да ја регулираат оваа материја ќе постапи поинаку. Ние веќе тука два дена расправаме затоа што изгледа Уставниот суд ни создава дополнителни работи па е потребно според мое мислење неколку прашања да се поставaт тука. Јас ќе изнесам три прашања кои според моето мислење се многу важни прашања.

Прво, како е можно се уште државните институции да немаат јасна претстава до каде може и до каде треба да се оди со службеноста на јазикот во кои области, во кои дејности и на кој квантитум. Ова важи и за Уставниот суд кој исто така според мое мислење нема јасна визија што претставува службен јазик во воспитно образовниот процес каде се гарантира наставата да се изведува на мајчин јазик. Според логиката на Уставниот суд и неговото еднострано толкување на членот 7 на Уставот на Република Македонија не само педагошката евиденција што треба да се изведува двојазично, туку и наставата би требало според таа логика да се изведува двојазично, бидејќи педагошката евиденција претставува составен дел и интегрален дел на воспитно-образовниот процес.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:** (продолжение)

Тука ќе имаме фактички една логичност според таквото толкување, така што наставникот прво ќе биде потребно наставата да ја изведува на службениот јазик, а потоа на мајчиниот јазик. Ова е колку комично, мора да признаеме, толку и трагично. Добро е што во предлогот што е пред нас, се настојува да се изнајде пофлексибилно решение и според мене, апсурдно, една институција на која и е доверена надлежноста за уочување на уставноста и законитоста во државата да има толку механичко и догматско, јас би рекол и политичко толкување за ова прашање.

Второ прашање, моето убедување е дека Уставниот суд во повеќе случаи не одлучува врз основа на правото и реалноста на правната култура што постои кај нас, туку одлучува врз основа на дневно - политичките цели. Имено, и во овој случај може да се каже дека за нашиот Уставен суд сепак "мувата е поголема од слонот". Од тука се поставува прашањето дали и понатаму одговорните институции, како што е и Уставниот суд, ќе дејствуваат со логиката на предизвикување напнати ситуации и конфликти и тоа за политички цели или ќе почнат сериозно да се занимаваат со реалните проблеми што ги имаат граѓаните, со реалните интереси и права што ги имаат граѓаните? Ние сме сведоци на неколку ситуации кога биле усвоени одредени акти што драстично биле спротивни на позитивниот устав, меѓутоа Уставниот суд кога проценил дека политички е опортуно, тогаш молчел.

Крајно е време да созрее свеста и совеста дека државните институции не постојат за политички манипулации. Такво сфаќање треба што побрзо да се напушти затоа што може да има опасни последици, туку да созрее свеста дека државните институции постојат за демократски функционализам и за ефективно остварување на правата и интересите на граѓаните.

III/2

Трето прашање, според мое мислење на Уставниот суд и на овој случај му недостасува чувство за реалност. И тоа, како за севкупните односи во РМ, така и за правната култура што е одреден стандард кај нас. Тој се однесува, можеби вулгарно речено, исто како да е паднат од космос па не ги познава реалните состојби кај нас, особено не ја познава правната култура тука.

Кога сме кај правната култура можам да кажам дека јас лично сум принуден да пожртвувам дел од моите лични права, свесен дека демократската правна држава стрпливо се гради и бара доста време. Бара доста менување на односите и свеста. Бара почитување на сечиј интерес, што во моментот не е случај.

Оваков, каков што е, со сигурност можам да тврдам дека Уставниот суд, за жал е генератор на тензии во РМ, е генератор на конфликти во РМ и генератор на компликации во ВМ, а за тоа ние сносиме објективна одговорност како парламент.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, Ние втор ден денеска што расправаме околу оваа проблематика и дискусиите понекогаш и жешко се разводнуваат за исти проблеми кои закони пред неколку месеци ги донесовме. Тогаш најдовме решение, какво што го најдовме, и на еден одреден начин ние таа проблематика и ја надминавме.

Чудно е нешто друго што денеска сакам да истакнам овде во Парламентот, што некои работи во законодавниов дом многу брзо се менуваат. Во тој однос и денешната расправа што ние денеска ја правиме повеќе е преуранета отколку што таа треба навистина и да се анализира.

III/3

Пред себе имаме Предлог на закон за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование со предлог на закон, исто така имаме и закон за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за средно образование со Предлог на закон, имаме Одлука на Уставниот суд на РМ и мислење на Владата на РМ.

Прво, уставната одлука по мене лично не е од многу битно значење. На едно не толку многу важно прашање во системот на односите кое се однесува овие два закони. Одлуката на Уставниот суд е посебно дејство на самите односи што ние во сферата на образованието сакаме да ги градиме и не е само тоа нејзина причина. За мене многу е важно битието на односите во таа сфера за кое што е потребно да се интервенира и денеска Не е доцна. Значи, да најдеме едно асолно решение.

Предлогот на законот Владата на РМ и Уставниот суд што судат погрешно го применува духот и словото на уставот и тоа во погрешна конотација.

Одлуката на Уставниот суд е еден дел на Уставот на односите што тој ги гради а не и неговата суштина. Делот на законот што се напаѓа не спаѓа во делот на статусот на јазикот, туку тоа е во делот правата на јазикот во наставата. Тоа се сосема различни делови во кои Уставот го определува нашиот правен систем и политички норматив.

Според некои неважен член 48 од Уставот на РМ, тоа се однесува на Уставниот суд, за правата на јазиците на националностите, таму каде во мнозинство малцинствата се и истиот закон треба да се применува. Не важи ни целината на уставот, почнувајќи од преамбулата за рамноправноста на сите граѓани во РМ. Рамноправноста на граѓаните се толкува по македонските јазици. Конкретно, тука, Одлуката на Уставниот суд. До колку таа одлука не е и темелно разјаснета и не само член 48, туку и член 7 исто така требаше до крај да се образложи од страна на

Уставната комисија. Значи, ние албанците да зборуваме само македонски во службена употреба да ни биде само кирилското писмо во сите сфери и институции на системот и во основно и во средно образование. Па, се изгледа, овој дом и Уставниот суд си сакаат да станат повеќе транспарентни како некогаш улицата кота таа сакаше да ни наметне однесување па и закон.

Поставувам едно прашање, дали член 7 од Уставот на РМ има само еден став. Уставниот суд по него се раководи? Зошто Уставниот суд го толкува само став 1 од член 7 на Уставот на РМ? Дали само тој став има правно значење по Одлуката на Уставниот суд? Членот 7 од Уставот на РМ, има уште два става, став 2 и став 3.

Ставот 2 и ставот 3 по Уставниот суд изгледа воопшто немаат правно значење. "Националностите имаат право слободно да ги изразуваат негуваат и развиваат својот идентитет и националните особености", но се прашува каде? По Уставниот суд одговорот би бил, приближно, само дома Републиката им ја гарантира заштитата на етничкиот културниот, јазичкиот и верскиот идентитет на националностите. Пак се поставува прашање како тоа ќе го гарантира и каде тоа им се гарантира? Од Уставниот суд одговорот би бил, сигурно повторно и приближно, албанците тоа може да го употребуваат само дома.

"Припадниците на националностите имаа право на настава на својот јазик во основното и средното образование". Пак се поставува прашањето кој е јазикот на националностите што тој треба и да се применува во системот на образованието. По одлуката на Уставниот суд изгледа дека националностите друг јазик немаат сме македонскиот јазик и кириличното писмо.

И по онаа Одлука на Уставниот суд и по нивното толкување во РМ нема други народи, нема други култури, нема други вери, нема други ентитети и дали е тоа вистина и дали е тоа во духот и словото на самиот устав? Или пак за самите односи што Уставниот суд и ги регулира работите онака како што треба?

Пак се поставува едно друго прашање - дали сите ние имаме потреба од мир? Јас сум сигурен дека е така. Мирот е потребен секому. И, дали Уставниот суд и Владата на РМ знаат дека тоа се само работни белешки за самиот наставник во работниот однос што толку значење му даваат и важност на овој закон? Педагошката евиденција и администрација да се води на македонски јазик. И, дали се свесни дека наставата е таа што го регулира статусот на јазикот во училиштето, е бележењето во самиот дневник. Јас не можам такво решение да прифатам, затоа што во РМ таква пракса не била и вообичаена, почнувајќи од 1944 година па наваму. Исклучок имаме само во 1985 година, односно 1987 година.

Ако на ова, господа пратеници, не верувате, имате прилика да се уверите во Архивот во министерството за образование ова што ние тврдиме и ова што ние кажуваме дека тоа не била вообичаена евиденција и документација во системот на образование во Македонија и да се уверите. До колку тоа не е така, барем ние од оваа говорница не само вас да ве заморуваме, туку и воопшто да ен се мачиме и да губиме толку ценето време.

Јас сум роден и живеам во РМ. Сите свидетелства што ги имам добиено од завршено образование ги имам добиено на албански јазик и на латинското писмо. Исто така јас сум бил просветен работник и ден денеска сум. Имам работено во основното, во средното и како самостоен педагошки советник и во Републичкиот педагошки завод. Исто така ние го имаме применето педагошка евиденција и администрација на албански јазик. Имаме извршено педагошки увиди не само во Гостивар и околните места туку и пошироко низ Републиката. Немало обичај до сега и практика таа да се применува поинаку. Затоа и на почетокот на мојата дискусија реков овој закон нема толку тежина да се дава и определи толку време и расправа во Парламентот. Нема толку тежина, верувајте ми.

III/6

При извршениот педагошки увид низ училиштата во РМ ние сме наишле и на една друга состојба. Професор кој предава и на латински јазик, кој предава француски јазик, кој предава германски јазик, кој предава руски јазик, кој предава Јазик и македонски и во наставно - просветниот процес на албански јазик каде што се изведува наставата тие предмети и тие наставници никогаш двојно не го употребуваа, двојазично евидентирањето на дневникот на тие наставни единици.

И, пак се поставува прашање, зошто такво инсистирање од сите страни кои учествуваат во расправата да му се даде толку значение на овој закон, кој, по мене, не вреди толку многу да му се дава таа тежина. И, сите наши расправи, па можеби и оваа мојата и некои други што пред мене дискутираа, повеќе ми личи на тирада.

Владата на РМ предлага Законот да се усвои затоа што Уставниот суд донел таква одлука. Уставниот суд има направено материјална оштета на Уставот, бидејќи тој не е во целост земен во предвид. Не сум убеден дека ова решение ќе се примени во практиката.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ: (**ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Ова го констатирам, за жал го констатирам дека таквиот закон доколку се применува ќе предизвика големо незадоволство кај дел од наставници кои предаваат на албански наставен јазик во РМ, а тој број не е мал, над 4 илјади просветни работници. Тоа треба да го спомнам.

И нешто друго, господо, пратеници македонци треба да признаете дека не сте на прав пат и не чекорите добро и не се грижите, воопшто, за другите немакедонци и за нивните интереси. Дури ги повредувате нашите интереси во тоа и немате, бидете сигурни, успехот нема да ни биде од наш интерес. Нема да биде, нема да има ни успех ни интерес. Разбирањата, чувствителноста и перманентнаta грижа за меѓунационалните односи се од капитално значење за нашиот мир, за идниот економски и социјален подем во Република Македонија, а пред се, за безбедноста на сите граѓани во Република Македонија. Затоа сите институции на системот во Република Македонија треба да бидат во таа функција, треба да го мерат секој збор и секое однесување, секоја постапка која што влијае на довербата на меѓунационалните односи.

Господо пратеници, вие сте мнозинство во Парламентот и за сите други недоговарања вие сте одговорни, затоа што сте и мнозинство во овој висок законодавен дом. Мнозинство сте во системот и мнозинство во институциите на државата. Треба да направите се во тој однос да зајакне соработката и меѓусебното разбирање и толеранцијата што во Република Македонија, таа била и традиција. Ништо не се решава со рестрикција. И зошто толкав страв имате од правата на другите. Нужен е широк поглед и враќање на меѓунационалните односи и само така можете да ја симнете хипотеката или чувството, независно колку е тоа објективно и основано дека има за било кого било каква нерамнопра-

вност, тој дел, заправо и тие разлики да се надминат. Таквиот приод, господо пратеници бара толерантен и трпелив дијалог, доколку сакаме да градиме вистински меѓунационални рамноправни односи во Република Македонија. Јас пак прашувам зошто сте толку оптоварени за природните права на другите, неоправдано, не обвинувате и морам да кажам, за жал, односно да констатирам дека сте дел и во заблуда. Реалноста која што постои, ако не се почитува, не може никогаш и да се менува, не вториот ден, третиот и четвртиот, не пред пет месеци и денеска да расправаме за ова. Не знам колку ценето време можеме да вложиме, али успех во тој однос нема да имаме. Бидете сигурни во тоа. Свесни дека успехот бара со траен карактер, решително и без колебање да се оди напред за да сегашниот неповолен тренд во меѓусебните односи може да се сврти кон позитивно решавање, а тоа е јас мислам наш траен интерес. Јас во тоа ја гледам перспективата, а тоа е перспективата наша, заедничка перспектива.

И на крај, предложениот закон, не верувам денеска на било кој албанец во Република Македонија во овој момент дека меѓусебното разбирање и толеранцијата се најважната работа кога тоа и не постои. Нема фајде од таа политика која репродуцира фрустрации. Можеби во крајна линија на дел граѓани, за жал, тоа може и да им биде намерата.

Благодарам за трпеливоста.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Мешков.

IV/3.-

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, јас навистина сум лично револтиран од одредени дискусии кои што во најмала рака доликуваат на непочитување на одлуките на Уставниот суд како највисока судска истанца во оваа држава. И од некои колеги, навистина беше спомната одредбата од Уставот која што зборува за задолжителноста на одлуките на Уставниот суд, а без почитуваше на тие одлуки, убеден сум дека нема да имаме ниту Устав ниту правна држава.

Јас не знам зошто е толку голем револтот заради тоа што образложението на Одлуката на Уставниот суд кога воопшто не ја негира употребата на јазиците на националностите, туку вели покрај македонскиот, евиденцијата ќе се води и на јазикот на националноста. Сега излегува дека некому му пречи македонскиот јазик, затоа што никој не ја негирал употребата на јазикот на националноста. Впрочем, така го толкува Уставот Уставниот суд и јас лично како правник гледано од правен аспект на проблемот не можам поинаку да резонирам, освен да ја почитувам таа одлука, а не да прифаќам некакви мислења или дискусии кои што повикуваат на непочитување на Одлуката на Уставниот суд.

Нешто би рекол за предлогот на Владата. Прво мислам дека овој закон во контекстот на Одлуката на Уставниот суд е максимално компромисен, односно тој не до крај ја изразува интенцијата заради тоа што решението на ова прашање се остава на регулативата на подзаконски акти што треба да ги донесе министерот. Значи прашашwето се вади надвор од контекстот на законската регулатива, односно упатно упатува дека ова прашање ќе биде регулирано со подзаконски акти, што мислам дека не е во ред, туку дека прашањето треба и понатаму да си најде соодветно место во законскиот текст.

IV/4.-

Не знам сега дали министерот може со подзаконски акт да каже или да регулира употреба на јазици на националностите токму за ова прашање, а веројатно ќе каже за некои други прашања, но не и за ова за што фактички би биле упатени на директна примена на Уставот, што пак би создало определени забуни и затоа мислам дека беше подобро прашањето да биде регулирано со законот.

Со целиот респект кон употребата односно кон правата на националностите и употребата јазиците на националностите, но и со сиот респект кон одлуките на Уставниот суд, јас навистина, не можам а да не го почитувам правниот аспект по ова прашање, а тоа е дека треба односно требаше со Предлогот на закон да биде до крај почитувана Одлуката на Уставниот суд, односно неговото образложение кое што е кристално јасно и кое што кажува дека и евиденцијата покрај документацијата треба покрај на македонскиот јазик да се води и на јазикот на националностите. За жал и предлогот на Владата до крај не го почитува овој факт.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Зекир Кадриу.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Дами и господа пратеници дозволете ми само нешто да кажам во врска со ова, без разлика што еден дел од претходните дискутанти кажаа се за овој Предлог-закон и за оваа промена. Меѓутоа, имам чувство дека кај еден дел од пратениците суштината на овој закон уште не е прифатена како што треба или така како што ја разбираат во некои аспекти не би требало да се согласуваат со тоа.

IV/5.-

Дозволете ми уште да кажам или мојата кратка дискусија да ја почиам со една народна пословица, која во превод значи- тоа што не го сакаш за себе немој ца му го мислиш на другиот. Ми се чини дека тука не се работи за почитување на тие одредби од Уставниот суд, бидејќи сум убеден дека има и ред други последици кои што Уставниот суд треба да ги гледа и да ги реши, туку се работи така да кажам за еден балкански инает, што еве тука кај нас се инсистира до крај да се спроведе и тој балкански инат ми се чини дека и тука во Парламентот, за жал, со жалење ќе го кажам дека тоа е и во Уставниот суд, па и во ред други органи и највисоки органи на државата. Ние се обидовме и минатиот пат па и сега да кажеме и докажеме до крај дека тука не се работи за непочитување на Уставот, туку се работи за една дупла работа што им се наметнува на просветарите немакедонци, туку на албанците, турците, ромите, власите и дека тие освен тоа што го правеле до сега, убедливо го правеле во врска со администрацијата во врска со некои битни работи, свидетелства, водење на главната книга што е документ од трајна вредност и ред други работи, мислам дека досега тие беа спроведувани и почитувани со закон. Сега уште една дупла работа им се наметнува да прави наставникот албанец, да прават евиденција, да пишуваат во дневникот двојазично, часот да го заведува прво на македонски па на албански или на друг јазик на националноста. Сега јас го прашувам и претставникот на Владата дали некогаш и во другите системи кои сега ете ние ги обвинуваме дека не биле добри, дали имало таков закон и дали тој закон кога бил на сила, некогаш во практиката се применувал. Јас сум убеден, го кажувам и тоа дека надлежностите што им се допуштаат сега на министерот е само една игра која што беше и морам да потсетам на тоа на годините од 1976 и наваму кога имаше ваква

работа се донесуваа подзаконски или им давале ингеренции на другите луѓе а не ја дефинирале таа работа со закон како треба.

Дајте еднаш ние да се разбереме за секогаш дека овие работи се многу сериозни, што нема да ни донесат новина од овој аспект, туку само би требало уште еднаш, ако ова денеска мине, пак ќе имаме проблеми во врска со оваа работа. Дајте еднаш за секогаш да расчистиме со ова. И наместо ние да се фатиме за битни работи што треба да се направат конкретно во сферата на образованието, да тргнеме кон тоа дека ни треба да ги учиме работите како треба да се оди напред, да работиме во други сфери, да го подигнуваме образованието, а не сега да правиме административни работи што е форма од бившиот систем. Треба да земеме примери од цивилизираните држави дали тие одат на овие форми, на дупла евиденција и дупли други работи што сега не ни се потребни. Нам ни треба образование какво што е потребно и што сега ќе има придонес, јас ја прашувам и Владата и тие пратеници што мислат од тој аспект да гласаат за ова, што придонес ќе има да се гласа да се води сега и понатаму и дневникот и другите работи, педагошка евиденција и документација двојазично.

На сите нас треба да ни биде јасно, а посебно на Министерството за образование дека и ако со некоја одлука се инсистира од некој аспект да донесе некој закон што не ќе биде во интерес на работата, туку ќе биде само дуплирање на администрацијата, тоа е непрактично. Дај да тргнеме и да работиме како што треба, да се ангажираме во други сфери за подигнување на образованието. Ова навистина ne е во ред и мислам дека секој пратеник што мисли подлабоко за оваа сфера треба да знае дека ова е само една тенденциозна работа и мислам дека е само еден политички став што нема да донесе ништо новина туку недоразбирање

во редовите на просветните работници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе и колеги, мислев да кажам само уште две - три работи за појаснување, а евентуално и за наше докомплетирање на сознанијата, по мое мислење за оваа проблематика.

Прво признавам и јас еве сега да кажам, не кажав минатиот пат дека јас исто така сум затечен со Одлуката на Уставниот суд. Јас ја знаев иницијативата на нашиот колега, чув за тоа дека Судот ќе покрене постапка, но верував дека, не со интервенции туку со аргументиран настап на претставник на Владата пред Судот за основите при донесувањето на законот и со евентуална помош, да кажам, и на другите чинители, заинтересирани, за кои што Судот беше должен да ги викне бидејќи мислам дека и тој не живее надвор од сферата на нашиот живот и Судот знаеше дека четири години за тоа. И сега сакам да верувам дека можеби и Владата е затечена, оти не успеала во процесот на расправите пред Судот на еден поаргументиран начин да ги застапува своите ставови со кои излезе со Предлог - законот пред месеци. И не ги прифаќам сугестиите вака априори дека не треба да се дискутира за Уставен суд, што ми се сугерира на претседавачот, односно на претседателот, затоа што мислам дека ние одлуките можеме да ги почитуваме, но за карактерот на одлуките на било кој орган на државата можеме да расправаме. Ако некој може за одлуките на овој дом да расправа, зашто ние не можеме за одлуките на било кој институт, државен, сеедно што е тој мериторен за таму да не расправаме. Јас за себе останувам на мислењето дека примена на Уставот за донесување

на одлуката е еднострана, недостаточна и некомплетна, бидејќи оваа материја не се решава само со членот 6 став 1 од Уставот, туку како што сите рекоа има уште два става и второ, оваа материја пред се е врзана и за член 48. И не е суштина на службеноста на употребата на јазиците во наставниот процес, евиденцијата, туку наставата. Појдувајќи од таа суштина, многу логички ќе се дојдеше до заклучок во самиот Уставен суд дека Владата имала валидни причини кога го предложила законот што е на сила. Тргнувајќи од тука, така значи од изненадувањето на ваквата одлука на Судот од тоа што сум изненаден зашто сме најдени сите и затечени при расправите во Судот, јас ќе гласам против овој закон, свесен дека одлука на Уставниот суд е конечна, моментално, меѓутоа, мислам дека на овој начин треба да се изрази протест и на тоа бидејќи Уставниот суд кога суди за Устав, Уставот е и највисокиот политички акт на државата, а не само правен акт. И ние можеме правно да примиме дека тој е мериторен за толкување, но треба да кажеме дека политички има направено голема грешка. И тоа не е во корист на ова општество. Затоа мораме да бидеме против, за да друг пат вакви одлуки, набрзина да не се донесуваат што имаат далекосежни последици.

Инаку што се однесува од педагошка гледна точка, колегите што работат во образованието јас ги разбирам. Тоа е дупли процес на работа. Јас тоа не го сметам за многу важен елемент. Политички мене ми е важно друго прашањето, јазикот во наставата, а мислам дека со тоа се чекори кон чепкање на нешто што е свето во оваа држава и молам таа светост да не ја расипуваме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Стојановски.

V/1.- НД/ЉР

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги,

Јас денес очекував една поинаква расправа. Со оваа расправа денес што се води на некој начин коенцидира со расправата по предлогот што јас го доставив и кој што доби поддршка од Уставниот суд преку решение. Ние денес воопшто не дискутираме за Предлогот на законот што го предлага Владата преку својот министер. Ние ги повторуваме дискусиите со тоа што јас можам да сметам дека денеска овде перкидно се одвлекуваме од проблемот да преку дискусиите за овој Закон практично дискутираме за Предлогот за измени во Законот, кој што не добил доверба од овој Парламент, не беше изгласан. На некој начин, да се изразат со јазикот на спортистите во многу спортови, нападот е најдобра одбрана. Некој сака тоа тука денеска да го финансира, да го поентира. Ние воопшто не размислуваме и немаме валидни документи дали Владата преку ресорниот министер ќе донесе поинакво решение. Немаме ние Министерот нас не не увери во своето уводно излагање што и како тие подзаконски акти ќе решат. Ние треба денеска да дадеме бариран чек на министерот кој што може утре да биде сменет или да си отиде на друга должност и практично неговите подзаконски акти, во неговата компетенција бидат утре ставени на лупа. И на стварноста и на јавноста и воопшто на политиката на новодојдениот министер. Кое е тоа толкаво дискретноно право што ние можеме денес да го дадеме на било кој министер. И, да бидам слободен да кажам дека и министерот презема една огромна задача, многу тешка улога да на сето тоа на секој начин биде ускладен.  Што значи тоа што ни го нуди ресорниот министер?

V/2.-

Значи да му дадеме потполна доверба и право без да бидеме убедени кога ќе бидат донесени тие подзаконски акти, за в;ој временски период. Никаде не стои иако во Законот стои една логичност дека овој закон ќе биде во функција 8 дена од објавувањето.

Прво, тоа не е закон. Тоа ќе биде подзаконски акт.

Второ, тој подзаконски акт ние како Парламент да го разгледуваме, не е наша компетенција.

Трето, дали може осмиот ден од денеска натаму ако се смета тој подзаконски акт да биде донесен, и

Суштинското прашање што може да понуди тој подзаконски акт на Министерството за образование. Тоа е енигмата што ние денеска г не ја разрешуваме, се навраќаме на дискусиите кои што ги водевме на претходните седници.

Имено, ние тука и денес продолжуваме со тешки зборови напад и геноцид и слично. Јас повикувам колеги од науката присутни тука, пратеници, кои што живеат од македонскиот јазик, значи професионално се ангажирани, книжевност итн. да дадат свој придонес кој јазик се изгонува од училиштата, кој јазик се суспендира. Зошто ние ги изготвуваме тезите многу убаво дадени во член од Уставот. Никаде не вика ниту Уставниот суд дека јазиците на националностите ќе ги суспендираме од процесот на воспитание и образование. Дури неколкумина се повикаа на сатовите 2 и 3.точно ставовите 2 и 3 се многу децидни и јасни драги колеги покрај македонскиот јазик и Кириличното писмо во употреба се јазикот и Писмото на националностите. Некој постави прашање кој националности? Па, сигурно секоја националност нејзиниот јазик. Нема потреба тие јазици тука да се редат.

Второ, морам да замерам што сите дискусии се сведуваат на односи на албанскиот јазик како јазик на националностите. Ние имаме и други националности во државата, имаме образование на тие јазици и во основното и во средното образование. Мислам дека не е коректно проблемот намерно да го подигнуваме на едно повисок ниво и несакајќи да создаваме една диполарност. Дали е асимулација на еден рече на албанците ако треба да се заведе во дневникот покрај на Албанскиот и на Македонскиот службен јазик. Што е тоа службена употреба на јазикот? Ако основното училиште е јавно училиште сосема е јасно која е службеност на државниот јазик регулиран и со Уставот и со законите.

Не можам да прифатам. Квалификативи за Владата, за која што и не гласам, бев воздржан дека е и легална. Ако е Владата легална и ние како пратеници сме легални. Ние ја избравме таа Влада. Тоа се правила на парламентарната демократија и сметам дека многу лесно ве мафтаме со некои податоци и сознанија од Стрзбург, од Вашингтон, од Европа итн. , јас за прв пат денеска тука ќе изнесам дека досега ниту мене како пратеник, ниту на демократската партија на Македонија не било својствено напаѓање на сопствената држава, институциите на системот, а во институции на системот се и Уставниот суд и претседателот итн. итн. Но, јас денес јавно овде ќе ви кажам дека за ова кршење на Уставот јас ќе ги известам Европските институции и Советот на Европа. Ако веќе немам прилика таму да одам близу тоа ќе го направам на друг начин.

Ние тука не чувме, повторувам, од компетентни личности од науката зошто македонскиот јазик се предвидува да биде исфрлен од прво одделине кај националностите и да биде редуциран Фондот на часови во погорните одделенија, кога сите ние прифаќаме изучување на странски јазици дури во предучилишното образование. Аргументите

дека е тоа оптоварување кај учениците не држат, затоа што сите ние ги оптоваруваме уште во градинките со изучување на Англиски, Француски, Германски и друг јазик. Кој јазик од образованието ние го изгонувам и го суспендираме? Само македонскиот јазик почитувани дами и господа, затоа што ниту во мојот предлог на Законот, ниту ве решението на Уставниот суд не стои дека треба да се елиминираат јазиците на националностите. Инаку, сите оние дискусии кои што ги имавме, оптерeетување и слично треба да ги сфатиме дека сепак тоа е онаа поувавата страна на животот на тие ученици, за жал во однос на македончињата во соседните земји, особено во соседна Албанија каде што македончињата имаат образование на мајчин јазик само до IV одделение и тоа во едно училиште, единствено во цела Република Албанија. Никој не го постави тоа прашање. Јас пред 9 месеци барав ние да отвориме овде дискусија. Добро е што веќе ова прашање јавно се промовира да видиме што ни се случува во соседните земји на планот на човековите права, правата на малцинствата кои што живеат во тие држави. Според тоа јас, пред да се одлучиме да гласаме за Предлогот на Владата и на министерот, навистина не знам што ние ќе гласаме. Гласаме едно неограничено доверие формирано во подзаконски акт, бидејќи ако Министерството за образование и физичка култура го почитуваат Решението на Уставниот суд, тогаш немаше причини мојот предлог за измена на закон не биде прифатен. Зошто тогаш комплицираме едни вакви работи, суспензија на членови, па правење вакум, па дека треба членовите 81 и 85 да се изменат, да се промена^ Очигледно подготвуваме еден терен да можеме да изиграме нешто, да можеме да угодиме нешто. Јас укажувам дека воопшто во целиот мој предлог за измена на законот не стои никаков инает, никаква суета, ќе ве потсетам почитувани колеги дека во периодот кога овие закони се донесуваа во пакет меѓу 1 и 15 септември 1995 година едноставно јас

бев отсутен од државата, инаку уште тогаш ова прашаше ке го актуализирав од едноставни причини бидејќи значи флагрантно кршење на Уставот. Дали ние треба да вршиме притисок на Уставниот суд? Како највисок законодавен дом сигурно. И сите оние недоразбирања или релации, корелации помете трите власти во Државата сигурно дека треба да бидат присутни секогаш затоа што тоа е еден двигател. Ниедна власт не треба да се чувствува самоуверена и безгрешна. Но, ако веќе Уставниот суд и после иницијативата донесува решение, и тоа после еден подолг период, веројатно на добро анализирање, контактирање и следење на состојбите сметам дека ние овој пат проблемот сакајќи или несакајки го усложнуваме затоа што г-до со овој подзаконски акт се провлекува можност да и во педагошката документација, така стои во формулацијата, бидат направени некои измени, затоа што во членот 85, а во сегашниот член 3 стои дека поблиски прописи за начинот на водењето на формата и содржината на педагошката евиденција и документација ќе донесе министерот.

Сето ова образложение кое што го дава министерот е многу конфузно, многу контрадикторно, затоа што во втората алинеја стои: "бидејќи согласно член 112, став 3 од Уставот на Република Македонија одлуките на Уставниот суд на РМ се конечни и извршни", а со цел, контрадикторности е тоа, да се потполни настанатата правна празнина во делот на водењето на педагошката евиденција за учениците кои наставата ја следат на јазиците на националностите се предлага измена и дополнување на членовите 81, 82 и 85 од Законот за Основно образование со тоа што начинот на водењето, формата и содржината на педагошката евиденција се уредува со поблиски прописи што ги донесува министерот.

V/6.-

Значи, во првиот дел од вториот став априори практично се прифаќа решението на Уставниот суд, а потоа се нудат некои конфузни, потполно конфузни предлози што мислам дека не ќе донесат уставно решение. Ако ние имаме гаранција дека министерот ќе го почитува решението на Уставниот суд нема причина да не дадеме согласност за едно такво решение, а уште подобро ќе беше решението кое што јас со Предлогот на законот го дадов во една многу кратка и многу помпатна форма.

(Со седницата продолжи да раководи г-динот Блаже Филиповски)

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор Хисни Шакири.

Бидејќи нема други пријавени за дискусија засега, молам координаторите на пратеничките групи да ги повикаат пратениците во салата, бидејќи треба да настапиме кон гласање.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Почитувани г-да пратеници, се работи за едно доста сериозно прашање. Можеби некој во старт не може да ја сфати тежината на овој проблем, но јас како просветен работник од 1981 година некои последици од ваквиот настап од тогашниот режим и јас ги доживеав со моите колеги, но бидејќи се работи за образовниот систем мислам ние имаме морално право да го изнесеме нашиот став и цврсто да настојуваме да го штитиме интересот на граѓаните на оваа држава.

Бидејќи се работи за еден Закон кој дефакто претставува во почетокот од една страна како адут на одлуката на Уставниот суд, со што јас не можам да се согласам со оваа констатација, бидејќи јас поставувам едно многу практично прашање. Што направил Уставниот суд во врска со реконструирање на новата Влада на 23 јануари оваа година? Дали беше реконструирањето на новата Влада? Колку тогаш го

V/7.-

почитувал тоа Уставниот суд, Уставот на оваа држава бидејќи се знае одредбата на Уставот во врска со ова прашање. Ние кога ги донесовме овие два закони тие преку правната процедура од Владата до Парламентот ги усвоивме. Предлагачот на досегашните закони не се албанците. Беше Министерството за образование и физичка култура. Исто така тие закони беа усвоени од страна на Владата. Ние во Владата имаме 2 претставници кои се оснивачи или автори на Уставот. Зошто тогаш не го дигнале гласот против овие закони, бидејќи од донесувањето на овие закони Уставот не се изменил Ние го имаме истиот Устав. Тука отворено се гледа дека се инсистира од страна на Владата, од страна на Парламентот и од сите државни институции некои работи што се однесуваат во врска со албанското прашање да се држат под ембарго. Секогаш овој Закон е доведен да се занимава со овие работи или би рекол овој закон од овој Дом добил карактер на судница, бидејќи секогаш се занимава со албанското прашање.

Господа, Уставниот суд како суд, јас не знам и не сум толку сигурен дека таму има професионални луѓе по образовниот систем и да знаат што значи евиденцијата, што значи дневната подготовка. Уставниот суд да се впушти во такви работи сам себе се компромитира. Не знам јас во кој член на Уставот овие работи се дефинираат. Тука е и г-динот министер по правда, Владо Поповски нека каже отворено пред овој законодавен дом дека со член тој и тој се забранува евиденција или дневната подготовка.

Г-до јас отворено ќе ви кажам, со предложените измени и дополнувања на овие два закона образовниот систем всушност со албанскиот јазик ќе се блокира целосно. Тоа треба да го знаете. Фактички на тоа се инсистира од некои антиалнбански сили, од некои групи кои ги координираат нивните работи меѓу себе и имаат свои луѓе во Уставниот суд, а исто така и во Владата и ги прават овие работи кои не и доликуваат на една правна држава.

VI/1.- ДВ-ВБ

**ХИСНИ ШАЌИРИ**: (продолжение)

Законите што се донесуваат треба да бидат во интерес на граѓаните. Доколку не се во интерес на граѓаните, да знаете дека не се во интерес на граѓаните, а не се во интерес и на државата, бидејќи држава без граѓани не може да постои. Вие се повикувате на тој Устав. Уставот е донесе за граѓаните, не само за гола земја, за граѓаните. Ако е за граѓаните во тој устав треба да бидат инкорпорирани сите права на граѓаните, а изгледа тој Устав треба да се дефинира како еден правен акт само за македонскиот народ, а всушност кој како може ќе го толкува и ќе се спроведува според условите кои ќе бидат во практика.

Јас не би сакал многу да се задржувам на овој проблем, само уште една препорака до сите колеги, гледам дека сите ја прекутувате оваа работа, се гледа дека овие работи се инсцинирани и не можеме да очекуваме нешто по позитивно од овој Парламент, бидејќи овие работи се од образовен карактер и со нив треба да се занимаваат луѓе кои се попрофесионални, а не, како што кажа еден од претходните дискутанти, да имаме тенденциозни ставови, да бараме нешто од Албанците што не можат да го поднесат Македонците. Да знаете дека наставниците албанци ќе ги доведеме во една вонредна состојба. Целиот систем, уште еднаш ќе го кажам, ќе се парализира затоа Министерството за образование треба да води сметка. Наместо овој Парламент, овој законодавен дом и Владата да се занимаваат со проблемите кои се многу актуелни за оваа држава, да се занимаваат со проблемот како да се реши проблемот со Тетовскиот универзитет, како да им се обезбеди на албанците и високото образование, тука уште се присутни некои работи кои беа присутни, можам да кажам во федуалниот систем кај некои друг држави. Во овие услови, денес, да се разговара за вакви работи, мислам дека е доста ниско и да се изразам со еден збор, и примитивно.

VI/2.-

Македонскиот народ нема ништо да добие. Ако на пример , се направи една анализа што ќе добие македонскиот народ доколку го постигне тоа. Зошто не се постави тоа прашање. Јас уште еднаш повторувам, јас како човек, не како пратеник, не би дозволил да барам нешто од Македонците што не е во интерес на албанците. Зошто вие ова го правите. Што изгуби македонската држава, на пример, од нашите барања, од овие наши работи кои денес ги дискутираме овде во овој законодавен дом. Зошто не се направи една стручна анализа. Секогаш ние инсистираме за правата на сите граѓани. Сега тука се работи за едно обично прашање, за едно практично прашање што не треба никој да се стави во една позиција дека ќе биде измамен ако евиденцијата и дневната подготовка и некои други работи ќе се изведуваат на албански јазик.

Господа, јас како ученик од средното образование имам четири свидетелства на албански јазик, само на албански јазик. Исто така и свидетелствата од основно образование. Вие треба да направите една ретроспектива за некои работи, каков беше статусот на албанскиот јазик по 19 45 година. Јас сум од Куманово. Кај нас има документи само на албански јазик. Вие уште немате стручна подготовка за употреба на двојазичноста. Ја знам каква е употребата на двојазичноста во Прешево, во една соседна држава. Знам. Таму албанецот на албански, србинот на српски. Ништо не му смета на Србинот колку години се водела таа евиденција односно администрација во државните институции. Тука кај вас оваа проблематика постои како една болест која воопшто не може да се излечи. И не може човек да најде една дијагноза. Јас не би знаел каде може да се најде еден стручњак да се занимава со овој проблем, па да ја надминеме оваа ситуација што сека е во Македонија. Дајте еднаш ослободете се од овие работи кои не се во интерес на државата, ниту се во интерес на македонскиот народ.

VI/3.-

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници.

Имам и јас, а верувам и сите вие респект и разбирање кон тоа дека, кога е во прашање јазикот и писмото, тогаш тој респект скоро е исконски за секој народ и за секој човек. Токму затоа кога се расправа за едно вакво прашање, во овој случај употребата на јазикот и писмото во образованието, т.е. педагошката евиденција треба крајно да бидеме внимателни и толерантни, да не создаваме ситуации од каде после тешко можеме да се извлечеме и како пратеници и како Влада и како индивидуа, па и како други институции. Што сакам да кажам со ова.

Имаме едно искуство со педагошката евиденција во Република Македонија која едно време се водеше на албански јазик, па на македонски, па пак на албански јазик. Имаме едно искуство за меѓусебно убедување и политичко и правно и мислам дека успеавме со аргументи и сето тоа што се случуваше во секојдневието, во нашите училишта, на крајот да се убедиме и донесовме закон за основно и средно образование каде го пропишавме и правилото односно членот дека најдоброто што може да се направи е, педагошката документација да биде двојазична, а педагошката евиденција на јазикот на кој се изведува наставата. Токму овој состав и оваа коалиција, дури тогаш и помасовна, и со пратениците од Либералната партија,ги изгласавме овие два закони и разрешивме еден проблем за кој потрошивме доста енергија, доста и знаење и стручност, па ако треба да се рече и тоа што беше политичко убедување.

Меѓутоа, се појави институција и се појави човек, за жал се уште во нашата Република, повторувам има институции луѓе кои сакаат да создаваат проблеми за да не стават во едни вакви ситуации каде што сето тоа после тоа добива политичка димензија и општо граѓанско незадоволство, но овој случај од албанската националност. Сега ние

исправени сме пред една одлука од Уставниот суд која уставно е кажано, треба да се спроведува, меѓутоа одлука која се повикува точно на член 7. Меѓутоа јас не навлегувам во тоа дека во Уставниот суд има луѓе кои навистина толкуваат устав. Меѓутоа, тоа што е педагошка евиденција и педагошка документација, тие документи и таа евиденција бараат луѓе , кои исто така, навистина се разбираат и во секојдневието имаат свое искуство што значи документација и што значи евиденција. Ако веќе еднаш се убедивме ние тука дека евиденција е тоа што го пишува наставникот, тоа што е час, подготовка негова, и спаѓа во индивидуалните права, употреба на јазик и писмо, мислам дека тука веќе не би се согласиле со тоа дека педагошката евиденција, исто така како што вели Уставниот суд односно одлуката, е службена административна работа на училиштето. Педагошката евиденција не е службена административна работа на училиштето.

После сите тие консултации што се направени точна е таа констатација на г-динот Хисен Рамадани дека и ние сме затечени и Владата на Република Македонија, од каде треба да се извлечеме, во овој случај како најодговорни. Повторувам дека состојбите и создадените ситуации, пак, остануваме ние најодговорни. Значи нашата одговорност е сега во прашање, затоа што нашите одлуки пак, во овој случај, како законска регулатива или подзаконска регулатива понатаму многу ќе влијаат на тоа какво расположение ќе се создава веќе утре во училиштата односно во образованието. Мораме ние да имаме еден стандард во нашето однесување, како пратеници. Ако веќе еднаш изгласавме закони, врз основа на сите тие консултации и една реалност во училиштата односно во образованието, тогаш не би требало да ги промениме односно да ги менува тие наши ставови. Меѓутоа, во овој случај што би направиле вие?

Во овој случај, значи, останува тоа што ние и понатаму, како законодавно тело, да го сочуваме тоа што и политичко расположение беше токму наше за ништо да не се менува во тоа што е веќе пракса во образованието, во однос на педагошката документација и евиденција и навистина не може и да се менува затоа што не можело да се менува и тој отпор што се поврзува со тоа што е исконски респект кон јазикот и писмото, што беше присутен секогаш, дури и кога имавме монизам, дури и кога имавме први денови или години на плурализам и демократија. Затоа мислам дека не треба да постапиме понатаму веќе спротивно на тоа што беше веќе наш:е политичко убедување дека педагошката евиденција треба да се води како што се веќе води и како што е законски регулирано. Јас се надевам дека од оваа ситуација ќе се извлечеме, мислам создадена ситуација,за понатаму да не се расипе тоа политичко расположение за одредена ситуација односно за одредена законска регулатива и во праксата да се продолжи со тоа дека точно се знае што е документација и што е педагошка евиденција. Мислам дека и тоа ќе го направиме затоа што, пред се, одговорни сме кон себе, затоа што таа беше и политичка одлука наша, кога беше донесен законот односно тие одредби кои го регулираа и водењето на педагошката евиденција и педагошката документација.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, и денес му се суди на Уставниот суд, мислам нонсенс. Одлуките на Уставниот суд, согласно член 112 став 3 на Република Македонија се конечни и извршни. Нема тука коментирање. Ова го зборувам во контекст на тоа што е дадена оваа уредба од Владата односно предлогот на законот, членот 3, во кој поблиските прописи за начинот на водење, формата и содржината на педагошката евиденција и документација, донесува министерот. Мислам дека дискрецио-

ното право на министерката е големо и би било добро министерката да излезе на говорницата и да објасни што би се создало со тоа во пракса.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ**: (Продолжение)

Ако ова коренспондира со она што го кажува Уставот, дали нема пак да падне во вода на Уставниот суд, и да не се создаваат тука нетрпенија бидејќи слушавме разно разни дискусии, најдобро, најстручно би било да каже г-ѓата министер за тоа каква ќе биде евиденцијата, како ќе се води, како е тоа нејзино право, како ќе го уредува, мислам дека би било добро во интерес на сите бидејќи јас лично ќе гласам против овој закон, бидејќи дава преголемо овластување, дискреционо право на министерот.

Сигурен сум дека ова, пак, Уставниот суд ќе го собори.

Благодарам.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван потретседателе, почитувани колеги, мислам дека во оваа раскажувала предолго водиме еден дијалог околу една етничка вредност, прашањето на јазикот и мислам дека дијалогот треба да го водиме во уставните рамки. Ние можеме да се разликуваме во гледањата околу овие прашања, меѓутоа, Уставот мораме да го почитуваме како граѓани на оваа држава.

Ние, впрочем, се разликуваме концепциски и по многу прашања, можеме да се разликуваме концепциски по прашањата за слободата, по прашањето за правдата, по прашањето за еднаквоста, по прашањето за мирот, по прашањето за човековата солидарност, меѓутоа, да дозволиме човекот некогаш да биде и индивидуа и некој да сака да го жртвува мирот заради слободата, а некој правдата заради слободата. Сега кога водиме дијалог по една етничка вредност, прашањето на јазикот,

дозволете да се разликуваме по тоа прашање и тоа во рамките на уставниот концепт. Јас не можам да прифатам други гледања, освен јазикот на државата како синоним на државата да не ја поклопува,.во употребата територијата на државата. Впрочем јазикот е и синоним на државата. Овде ние пак се разликуваме во тоа што имам убедување дека низ овој дијалог што го водиме како да ни е поважна етничката припадност отколку припадноста на државата, а велиме дека сме граѓанска држава и дека секој граѓанин како индивидуа и република, букет на индивидуи воглавно сме лојални граѓани и припадници на државата Република Македонија. Ако е тоа така, а така е, во овој дијалог што го водиме во уставните рамки тогаш јазикот на државата мора да биде прифатен во педагошката евиденција и документација. Тоа не е спецификум во РМ туку е тоа впрочем во сите држави.

Познато е дека сите држави настанале како национални држави односно творци биле народите на државите, впрочем и денеска помеѓу народното право само тие можат да бидат творци. Меѓутоа, познато е и тоа дека етничката напнатост, особено во повеќе национални држави секогаш претставува темпирана бомба која може да ја загрози државноста, државата. Заради тоа и нашата трансформација во граѓанска држава треба да ја доживуваме и операционализираме во духот на Уставот на РМ. Јазикот, македонскиот јазик како синоним по кој ќе се препознава државата треба со неговата употреба да ја покрива целокупната територија на РМ.

Благодарам.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Почитувани присутни во оваа сала, јас накратко само ќе изнесам некои мои размислувања по оваа тема, по која тема овде има во оваа сала многу покомпетентни, постручни лица кои сигурно намерно молчат, но што ќе правиш, некои како да е платен само да молчи, но нека се знае дека не е молчењето само секојпат злато. Па, вака, накратко.

По однос на овој предлог на закон кој е предложен од страна на Владата, лично според мене дефакто и де јуре тој е закон на г-дин Томислав Стојановски под два. Зошто е тоа така? Од едноставна причина бидејќи се предлага ова прашање да се регулира со подзаконски акт, но тој подзаконски акт колку што јас се разбирам во правото мора да го почитува односно мора да ја почитува одлуката на Уставниот суд, инаку некој друг ќе покрене барање за утврдување на уставноста и законитоста и судбината ќе биде идентична.

Овде се поставуваат две дилеми. Дали подзаконските акти се материја кои спаѓаат под лупата на Уставниот суд или не се, тоа е многу битно и ако е тоа така, еве г-ѓата министерка, значи мојата дилема ја разреши, зашто јас и благодарам, тогаш неслучајно јас го нареков овој закон Томислав Стојановски број два. Значи треба г-дин Стојановски да биде задоволен, нели така? Значи, да бидеме јасни и гласни и да не зборуваме со прикриени карти. Ова особено важи за г-динот заменик министер, кој еве случајно дошол тука, што ќе прави сега, службената должност му налага да брани некој закон, сигурно против кој е и самиот лично.

Но, ние сакале или не секогаш ќе расправаме за главната дилема која секој пат виси овде, пред овој дом, и виси во реалниот живот, а таа дилема- се состои во следното. Што е господа аксиомата? Уставот, Уставниот суд или народот и народната волја. Помеѓу овие две работи еднаш за секогаш ние мора да утврдиме точно становиште дека може само ова другото да биде аксиома. Не се прават уставите да ги менуваат народите, туку напротив, Уставот мора да се прилагоди и на барањата на народот. И, токму тука лежи најголемиот проблем. Вие упорно инсистирате и овој дом, па преку овој дом егзекутивата и воопшто македонците, да им се наметне на немакедонците она што вие го преферирате. Не, и не, секогаш не. Благодарам, тоа нека биде по ваша мерка, чувајте го за себе. ние немаме ништо против сето она што се создава во Македонија, македонско да биде на висина, но немојте да се мешате во она што е наше, свето, што исто така мора да биде по наша мерка, што треба да биде одраз на нашиот развиток и тука немате никакво право, ниту тековно, ниту историско, ниту пак перспективно.

Затоа ние секојпат ќе се вртиме во овој зачаран круг и зошто за коментирам одлука на Уставен суд. Па тој ги бирање тие луѓе, ве молам. Па, вие ги биравте. По кои критериуми, по ваши критериуми. Кој го изготви тој Устав? Па вие го изготвивте. Кој го гласаше, вие го гласавте. И, ситуацијата е сосема јасна. Нус продуктот и дериватот е тоа што е. И ние, мора да биде јасно и гласно никој пат нема да се согласиме со тој нус продукт кој навлегува длабоко во нашето битие, кое го попречува нашиот развој, а вие сигурно знаете дека јазикот е свето нешто за секој колективитет преку кои се разликуваат во најголема мера  денешните

модерни нации. И во таа смисла дада се полемизира со одредени тези кој секојпат ќе се Многу е актуелна тезата лансирав од највисоките политички раководители на оваа држава за одредена компаративна анализа, за наводно, правата на малцинствата на Балканот. Но, едно треба да биде јасно се споредуваат и се мерат големини и вредности кои се идентични. Не може во никој случај да алудирате на една таква споредба на албанскиот народ во Македонија со албанците во Република Албанија, ако не за нешто друго од едноставна причина што квантумот таму и ваму квалитативно се разликува, што историскиот, тековниот и перспективниот допринос во двете држави во никој случај не можат да се мерат, а лично немам ништо против за правата на македонците во Албанија, бидат на највисоки рамништа утврдени со меѓународни стандарди, бидејќи во тој случај би бил лицемерен, ако она што го барам за себе, јас сум слободен да му се понуди и на другиот и тука нема никаква дилема. Но, не можат тие квантуми во никој случај да се стават на исто рамниште поради општопознати причини и аргументи кои сигурно вие многу убаво ги знаете.

И на крај што да се каже, кратко, секој пат преку оваа говорница и во разно разни написи, во разно разни искажувања во Македонија секој пат кога сакаме да интерпретираме нешто по наша мерка т.е. по ваша мерка кажувате дека Уставот ни е граѓански. Но, земете ја и читајте ја преамбулата на тој Устав, господа, земете и интерпретирајте ја логички како го подразбирате поимот граѓански. Го подразбирате само македонски граѓани. Е, па, тоа не е така и не може да биде така, од едноставна причина што реалноста не е таква, господа. Тој граѓанин не е национален граѓанин, тој граѓанин не е граѓанин без мајчин јазик, без

култура, историја, традиција итн. и, дали понатаму вреди да се дискутира и за оваа тема која многу пати ја имам искажано дека е можеби петоразредна, шесторазредна во однос на вистинските стремежи и барања во случајот на албанците, па и на другите во Македонија. Сигурно дека оваа тема во однос на она што и јавноста знае и вие знаете, а за сите тие проблеми и дилеми на жалост сценаристи и креатори сте токму вие. Но, дај боже, можеби во некои нови наредни парламенти со нови состави ќе се сфати суштината дека во земја во која постои хетегорен национален состав единствена алтернатива е харномизација на интересите, а не мајоризација, она што вие перманентно 6 години го наметнувате. Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Г-динот Трајков процедурално.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, на едно место прочитав и ако е од г-динот Руфи, надвор од секоја мерка. Мислам и јас го потврдувам тоа дека е така, го покажува последниот настап односно на 53-та седница кога се гласаше спогодбата со Сојузна Република Југославија.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Молам, на процедуралното задржете се.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Па процедурално е тоа, дека и тогаш се настапуваше со иста теза, еве и сега, по предлог измените за основното и средното образование, на истиот начин се постапува.

Мислам дека патот што го нуди г-динот Руфи не е единствен и треба да си продолжиме по нашиот пат, да го трасираме патот односно да одиме по тој што ни го трасираше Владата.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Реплика бараше г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Мојата реплика ќе биде симпатична, Руфи, прво благодарност, за изречената пофалба за мојот закон, а второ, точно ти во своето образложение дека јазикот е светост, дека јазикот е еден од атрибутите практично ја потврди одлуката на Уставниот суд затоа што единствено во оваа држава македонскиот јазик може слободно да се употребува затоа што никаде на друго место таа можност ние како припадници, како македонци немаме ниту приближна можност за такво нешто.

И, практично уште една благодарност кон вас затоа што вие точно ја верификувате одлуката на Уставниот суд дека јазикот е светост и никој не смее македонскиот јазик да го исфрли од употреба во оваа држава, затоа што ниту со мојот предлог закон, ниту со предлогот на Владата. кога сме тука, воопшто не станува збор за суспензија, не дај боже елиминирање на јазиците на националностите во сите оние услови

предвидени со законите, не само во образованието. Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Реплика Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Бидејќи Парламентот е место каде што се говори, нормално, ќе кажеме нешто, независно дали некому е по волја, по ќеф или дали некој сака да го слуша.

Прво, кратко и јасно во однос на претходниот дискутант, нашите дискусии, особено нашите дискусии, не можат во никој случај, тоа го искажавме и при верификација на таа спогодба, со таа таканаречена Република СРЈ која го има окупирано албанскиот народ на Косово, а бидејќи сме дел од албанскиот народ воопшто, и ситуацијата е сосема јасна, такво нешто не ни паѓа никогаш ан памет ниту да сонуваме, а камали да верификуваме и да гласаме за такво нешто. Ние не можеме да ја сносиме историската одговорност дека го признаваме окупаторот на дел од албанскиот народ, во случајот на Косово. И, тука, ситуацијата...

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Завршивте г-дине Руфи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Не, не сум завршил, моето право на реплика го искористувам како што јас....

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Повелете, меѓутоа јас ве молам уште еднаш да употребувате уставни имиња на државите. Ве молам, тоа во неколку наврати ви е сугерирано и ве молам тоа да го почитувате од оваа говорница.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Вие така го интерпретирате Уставот, јас вака го интерпретирам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Уставот е еден и само една интерпретација, ниту вие ниту јас ќе го интерпретираме него во Собрание. Ве молам, имате збор, повелете, меѓутоа ве молам, ве молам да употребувате имиња на државите онака како што се.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Може да продолжам?

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Повелете.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Благодарам.

Тоа што се однесува до првиот, а како некој тоа го сфаќа, тоа е негов проблем, тоа не мора уште еднаш да се спомне. Најголемиот генератор на криза во Македонија, најголемиот генератор на меѓунационалната недоверба, на потенцијалните тензии е токму Уставот

кој не е по мерка на сите. И тоа не денеска, тоа ќе биде и утре додека не се создаде поим и дојам, дека навистина Уставот мора да ја отсликува реалноста во Македонија како и во сите други држави и земји. Тоа е општо познато правило и нема потреба некој овде да држи такви лекции. Далеку од тоа. Проблемот е токму во спротивното што се сака преку Устав да се наметне некоја си друга реалност која некој друг сонува дека можеби некој ден ќе биде.

Инаку што се однесува до јазикот, далеку од тоа да некој го негира македонскиот јазик, напротив, вие добро знаете, а треба да се потсетите уште еднаш дека токму албанскиот народ, а во случајот и албанската држава никој пат историски ниту тековно го негирале македонскиот јазик и македонскиот народ. Тоа е една цела вистина, која вистина никако да се каже од ваша страна од оваа говорница. Затоа постојат историски докази, постојат службени белешки и тоа е целата вистина.

Инаку, проблемот овде не е за негација на македонскиот јазик туку е проблемот што ние никогаш нема да се согласиме албанскиот јазик во Македонија да биде второстепен јазик односно да се сведе на ниво на приватен и локален јазик. Тоа е уставната рамка која вие ја нудите и која уставна рамка и законска секогаш ќе биде проблематична и неприфатлива. Тоа нека биде јасно како бел ден. И тука нема ништо лошо ниту за вас ако се промени, ниту за нас, а нашите интенции во таа смисла ќе бидат секогаш да се промени, но да се промени на демократски начин, нели така, не на некој друг начин на кој овде некој сака да алудира.

VII/11

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, дозволете и јас во неколку реченици да го искажам своето мислеше и веројатно некој од колегите нема да ми замери ако полемизирам со поедини ставови, нема да ги именувам. Имено, употребата на заштитата всушност на јазичниот верскиот и културниот идентитет спаѓаат во корпусот на човековите права.

**КЕНАН ХАСИПИ**: (Продолжение)

Веројатно ќе се согласите дека корпусот на човековите права не е фиксна категорија, поточно лимитирана категорија. Степенот на демократичноста на едно општество се мери спрема квантумот на човековите права кои се реализираат во тоа општество. Ваквото право на националните колективитети е санкционирано со член 48 од Уставот на Република Македонија, а од друга страна со членот 7 е уставно санкционирано правото на употребата на јазикот и писмото.

Уставниот суд носејќи одлука која не е спорна дека е завршна,конечна се базирала исклучиво на член 7, независно од член 48 од Уставот. Таа одлука е конечна за мене како конечна не се спорна, меѓутоа спорно е дали е праведна.

Како највисока судска инстанца веројатно по закон ги има завршните решенија, меѓутоа, тие не мора да бидат праведни. Дотолку повеќе што и во еден период кога заживеа новиот закон за основно и средно образование без лична иницијатива на еден наш колега, Уставниот суд не најде за сходно да се изјасни дека таков член во тој закон е против уставен. Значи, се чекаше да се покрене една таква иницијатива и сметам дека по закон Уставниот суд некогаш доколку смета дека донесените законски одлуки не се уставни, треба фронтно да реагира, а не да чека да се покрене постапка за изменување и дополнување, или за доказ на уставноста.

Кога реков дека квантумот на човековите права не е фиксна категорија токму сакав да укажам на една дилема овде за компарација со правата на малцинствата во соседството или пошироко. Сите знаеме дека во дипломатијата постои реципроцитет, меѓутоа, не секогаш реципроцитетот дава добри плодови. Во конкретниот случај ќе наведам доколку Република Македонија се однесуваше со реципроцитет кон

Република Грција, веројатно ќе бевме во многу полоша позиција отколку сме сега, и ако претендираме да бидеме правна и: демократска држава во права смисла на зборот за што верувам дека во иднина ќе бидеме тогаш треба многу помалку да се бавиме со реципроцитети.

Квантумот на човековите права на националните малцинства во соседните земји е работа на нивно разгледување, а не на наше. Нашето е колку ние овде ги реализираме и спрема степенот на нивна реализација ќе имаме таков рејтинг во соседството и веројатно пошироко. Спрема тоа, тој квантум на човекови права ќе се лимитира во оној момент кога дозволените права делуваат негативно или веќе ги загрозуваат правата на другите национални колективитети во конкретниот случај до загрозување на такво право не е дојдено и кога еден таков член заживеа дефакто во практиката и не покажа никакви негативни последици, сосема е логично дека малку ќе се размислува и за политиката, впрочем убеден сум дека Уставниот суд до сега донесувал политички одлуки. Уставот е таков каков што е, сме за почитување на тој устав, меѓутоа, не е витално загрозување на државните интереси доколку еден час одржан на јазикот на националноста и кога треба писмено да се верифицира што е се направено на тој час дека тоа е веќе голема работа и дека тука треба да се вклучат механизмите на државата. Во крајна линија ние кога гласавме за Законот за средно и основно образование, колку што се сеќавам ни еден од присутните не ни спомна дека една таква одредба може да биде антиуставна, барем јас немам такво видување, или да ги земам стенограмите и да ги разгледам. Сега одеднаш сме загрижени дека правиме атак врз Уставот и тн.

Оставање на оваа проблематика да се решава со еден подзаконски акт веројатно тоа ќе изгледа како еден вид упатство, па ќе остави простор да се расправаме дали сега овој товар што е предмет на

овој Парламент и на Уставниот суд го префрлуваме на министер независно кој е. Дали е подготвеност или не подготвеност да се соочиме со проблемот, па сега донесуваме заокружени формулации и топката ја префрлуваме на една особа, во конкретниот случај на министерот за образование што не би било добро и јас апелирам кога се зборува од оваа говорница да не се користат примери кои ги воспалуваат работите. Јас морам да се вратам на примерот на почитуваниот колега Чадиковски кога рече дека ние треба да размислуваме за децата и јас сум за тоа, меѓутоа, дали ако ја водиме евиденцијата двојазично сега повеќе размислуваме за децата. Тоа е вон доменот од размислувањето за децата. Или друго статистичките показатели во врска со отсаство од настава или бојкотирање наречете го било како постојат три врсти на лага обична, паклена и статистичка лага. Дали токму таа статистичката е токму врз основа на бојкот заради евиденцијата? Немојте луѓе има милион причини да се оди на настава. Утврдување на вакви работи од оваа говорница може да отвори сосема друга расправа, што не е предмет на денешната расправа и на денешниот закон. Заради тоа сметам дека одлуката на Уставниот суд е завршна, меѓутоа, за мене не е праведна и јас не би можел да прифатам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали друг бара збор?

Има збор министерот Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Се разбира ваше право е секој повод да го искористите, употребите за да дискутирате на зададени теми, на измислени теми, на вистински теми, но кои не се во врска со точката што е на дневен ред.

Добар дел од дискусиите наликуваа на тоа, а ние навистина денеска имаме да разгледаме, почнавме на една од претходните сесии на оваа седница, еден минорен како што некој го нарече, проблем околу јазикот на кој се води педагошката евиденција. Тоа е денеска на дневен ред и јас би сакала, можеби како еден пратеник што кажа да дискутираме за многу посуштински теми, како што е навистина правата на националностите во сферата на образованието, верувам дека сите ќе дојдеме тогаш до констатација дека исполнуваме прилично високи стандарди во остварување на тие права и тоа што е посебно за одбележување без пребројување на националноста која колкав број, со каков број е застапена, па така да ги одмеруваме правата. Тие се за сите, без оглед на бројот со кој се застапени. Да зборуваме за квалитетот на наставно - образовниот процес, за квалитетот на наставниците што ни ги школуваат децата, за дипломите со кои се стекнати, а се вклучени во наставата и за ред други проблеми. Денеска дискутираме ете за тој минорен проблем околу двојазичноста.

Да повторам она што и на почетокот го кажав од што се водеше Владата кога го предложи ова решение и апропо коментарот дека многу голем товар се префрла во овој случај на грбот на министерот за образование. Знаете постојат три можности, на вас беше и сега една од тие можности ја разгледувате е да прифатите и да одлучите. Една можност е онаа што сега ја имаме создадено со реакцијата на Уставниот суд. Сите повторивте дека одлуките на Уставниот суд се конечни и дефинитивни, а тоа значи педагошката документација што беше и предлог на Владата што е поддржано и од овој Парламент поради фактот што станува збор за издавање на јавни исправи, за документи од крајна вредност да се води двојазично, а педагошката евиденција, како нешто што не е лично како што кажа пратеникот Рамадани, со што не би се согласиле, сепак тоа не е лична работа, тоа е административно –

службена работа врз што треба да имаме и увид и надзор, тоа е обврска на наставникот со сите тие подготовки за изведување на воспитно - образовниот процес, но Владата смета дека е тоа од таков карактер да може да се уреди и со подзаконски акт.

Да спомнам и многу други прашања, па дури и побитни прашања и во Законот за основното образование и во Законот за средното образование се оставени да се уредат со подзаконски акти и ова заради значењето, заради карактерот на оваа материја едноставно Владата го предлага тоа решение да биде уредено со подзаконски акт.

Сега беше предлогот на Владата именуван како предлог на пратеникот Томислав Стојановски-2. Не знам по некои тајни канали до тој пратеник што така го именуваше предлогот на Владата можеби дошол текстот на подзаконскиот акт, јас уште не сум го видела и не можам да говорам за решение што е содржано во подзаконскиот акт, а можеби тој пратеник веќе го има во вид решението или замислува како тоа би гласело, па тоа го искористи како аргумент, веројатно да ја дезинформира јавноста. Овој предлог не е предлог од Томислав Стојановски - 2, тоа е Предлогот на Владата на Република Македонија со што едноставно се сугерира решение ние да излеземе од оваа ситуација во која сме сега, а сега актуелно решение е педагошката евиденција да се води само на македонски јазик. Апропо тоа решение што го имаме сега по интервенцијата на Уставниот суд ова е предлог од Владата. Ве молам изјаснете се, имате три варијанти еден беше предлогот на Томислав Стојановски, што се сведува на предлогот односно другото решение е она што го имаме со интервенцијата на Уставниот суд и третото решение е оваа материја да се уреди со подзаконски акт што е и предлог на Владата.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали друг бара збор?

Има збор господинот Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Само кратко, би било добро и пожелно госпоѓата министерка да излезе овде и каже кој може да биде третиот предлог на кој таа алудира проформа да, се согласувам со госпоѓата министерка,но содржински е Томислав Стојановски-2, она што јас го реков, бидејќи ако со одлуката на Уставниот суд моментално де јуре треба евиденцијата да биде само ан македонски јазик, ако господинот Стојановски предлагаше да биде двојазична, тогаш повелете образложете која е таа трета алтернатива па да биде усогласена со одлуката на Уставниот суд.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот. Пред гласањето молам да се утврди точен број на пратеници во салата, а во меѓувреме ги молам уште еднаш координаторите на пратеничките групи да ги обезбедат пратениците кои се наоѓаат во зградата на Собранието.

(Во салата има 74 пратеника)

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование.

Кој е за молам да крене рака? (42 пратеници).

Дали има некој против? (9)

Дали некој се воздржува од гласање? (20)

Констатирам дека заклучокот е усвоен бидејќи за предложениот заклучок гласаа 42 пратеника, 9 против,а од гласањето се воздржаа 2 0 пратеници.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (43 пратеници)

Дали има некој против? (6 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласаше? (11 пратеници)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Господинот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

По втор пат се јавувам, мислам дека министерката не објасни добро по членот 3

**СОФИЈА ТОДОРОВА:** од место

Како да ви одговорам уште не е испишан подзаконскиот акт.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

....па мора да кажете како предвидувате да биде ова.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Ве молам обраќајте на Собранието господине Даневски.

Дали некој друг бара збор?

Министерот Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Јас изумив да одговорам, навистина должам одговор и од едниот закон и од другиот закон," Законот за основното образование ди Законот за средното образование произлегуваат по 20 подзаконски акти и од еднiот и од другиот закон. Добар дел од подзаконските акти се веќе подготвени, овој подзаконски акт уште не е испишан и јас не можам да ве информирам која е содржината на подзаконскиот акт.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за образование и наука поднесе амандман на член 5 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Сали Рамадани, Рами Туда, Хисни Шаќири, Зеќир Кадриу и Руфи Османи, поднесоа амандман на член 1 став 2, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2 поднесен од пратениците Сали Рамадани, Рами Туда, Хисни Шаќир, Зеќир Кадриу и Руфи Османи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Владата не го прифаќа амандманот заради фактот што практично се активира она решение што е укинато со одлуката на Уставниот суд.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Видете вака. Ние не предложивме амандман со наш автентичен текст, туку сакавме Владата, па и Собранието кога гласаше за овој закон на овој начин да прави едно самоубиство. Значи, истото што беше порано за да му одговориме на неуставноста на Уставниот суд на лошото, тенденциозното, противнамерното, дискриминаторското толкување со укинување на овој дел од овој член сакаме да интервенираме и ова не може да се оспорува со вашите прсти било како ќе гласате, а епилогот се знае. Затоа немојте госпоѓата министерка да изигрува, па и Владата дека Владата ќе донесе некој подзаконски акт затоа што тие подзаконски акти мора да бидат во согласност со Уставот и со Законот кој беше порано веќе изгласан и сега повторно најверојатно ќе се гласа.

Второ, во самиот текст на Предлогот на Владата е многу јасно дека поблиски прописи за начинот на водењето, формата и содржината на педагошката евиденција и документација донесува министерот.

**САЛИ РАМАДАНИ:** (продолжение)

Значи, само за формата и начинот, а не за принципите. Значи, не може тој нов подзаконски акт да биде против одлуката на Уставниот суд, кој веќе еднаш и засекогаш овој член го укинува. Немојте да се лажеме за тоа. Затоа и една друга работа мора да ни е јасна на сите немојте да пукаме на празно. Се знае, овие денови разговаравме со луѓе, со мојот лекторат, со партиите, со цела Македонија, со сите албанци, па и со македонци дека онака како што не ни се спроведува оној закон за пушење во Македонија, овој закон, оваа одлука, овој член и од сега и никогаш ниеден албанец просветен работник во Македонија нема да го спроведува, Па, вие гласајте онака како и досега како сакате. Тоа останува на вас, на совеста на пратеникот и на играта која постои меѓу вашите партнери, Владата и Уставниот суд , што е многу јасно и ние сме тука секогаш за точно изразување и толкување и на Уставот и на Законот и на овие игри. Затоа, мене ми е драго, помило ми е вие да гласате против себе, против она што го направив досега, затоа овој Парламент не може ништо да очекува, утре доаѓа нов Парламент, нови партии и сите овие закони ќе ви се игнорираат, ќе паѓаат долу ниско и за никаде. Па, гласајте како сакате.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, амандманот го ставам на гласаше.

Молам, кој е за нека крене рака?

Осум пратеници гласаа за предложениот амандман.

Констатирам дека амандманот поднесен од пратениците Сали Рамадани, Хисни Шакири, Рами Туда, Зекир Кадриу и Руфи Османи не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член р поднесен од Комисијата за образование наука и култура .

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Владата го прифаќа амандманот .

**БЛАЖЕ РИСТЕВСКИ:**

Со тоа амандманот станува составен дел на предложениот закон.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по тек- стот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Четириесет и четири пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Осум пратеници гласаа против.

Дали некој се воздржува од гласањето?

Шеснаесет пратеници се воздржаа од гласањето.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование.

Минуваме на **точката девет** - Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за средно образование со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок .

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за следното образование.

Кој е за, молам, да крене рака?

45 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Четири пратеници гласаа против.

Дали некој се воздржува од гласањето?

10 пратеници се воздржаа од гласањето.

Бидејќи резултатот покажува 59 пратеници, молам да се изброи точен број на пратеници присутен во салата.

67 пратеници се присутни во салата.

Значи имаме кворум за работа.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлог на законот.

Кој е за молам да крене рака?

45 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Пет пратеници гласаа против.

Дали има воздржани?

15 пратеници се воздржаа од гласањето.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Сали Рамадани, Рами Туда, Хисни Шакири, Зеќир Кадриу и Руфи Османи поднесоа амандман на член 1 став 2 по кој Владата не се произнесе.

Отворам претрес по амандманот на член 1, став 2, поднесен од пратениците Сали Рамадани, Рами Туда, Хисни Шакири, Зеќир Кадриу и Руфи Османи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-динот Сали Рамадани бара збор.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Бидејќи се работи за иста материја за ова важи се што е речено од мојата парламентарна група и за основното и за средното образование. По овој повод ги приклучувам сите наши дискусии, но за работата односно неработата и лошата работа на овој дом во името на мојата права опозициона пратеничка група најенергично протестираме.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го ставам на гласање амандманот.

Кој е за, молам, да крене рака.

Пет пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 став 2 поднесен од пратениците Сали Рамадани, Рами Туда, Хисни Шакири, Зекир Кадриу и Руфи Османи.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?
45 пратеници гласаа за.
Дали има некој против?
Пет пратеници гласаа против.

Дали некој се воздржува од гласањето?

14 пратеници се воздржуваат од гласањето.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за измени и дополнување на Законот за средно образование.

Минуваме на **точка два** - Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот помеѓу РМ и Република Словенија за меѓународен патен превоз на патници и стока со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со предлог на закони и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на договорот помеѓу РМ и Република Словенија за меѓународен патен превоз на патници и стока.

Кој е за, молам, да крене рака?

57 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (никој)

Молам да се утврди точен број на пратеници во салата.

Ве молам за малку трпение, затоа што уште малку имаме за работа по дневниот ред за да можеме да ја завршиме седницава денеска.

Молам, во меѓувреме координаторите на пратеничките групи да ги повикаат пратениците да се вратат во салата.

Немаме кворум и давам пауза од 5 минути за да се повикаат пратениците и молам да не се оддалечуваме од салата.

Можеме да продолжиме со работа.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на договорот помеѓу РМ и Република Словенија за меѓународен патен превоз на патници и стока.

Кој е за, молам да крене рака?

62 пратеници гласаа за.

Молам, дали е некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласањето? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам, да крене рака?

63 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласањето ? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно правната комисија поднесе амандман на називот на предлогот на законот и на член 1.

Комисијата за надворешна политика поднесе амандман на називот на предлогот на законот и на член 1.

Отворам претрес по амандманот на називот на Предлогот на законот и на член 1 поднесен од ЗПК и Комисијата за надворешна политика.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по предложениот амандман од ЗПК и Комисијата за надворешна политика.

Министерот Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Се прифаќа амандманот.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлог законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

66 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (нема)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на договорот помеѓу Република Македонија и Република Словенија за меѓународен патен превоз на патници и стока.

Минуваме на **точка три** - Предлог на донесување закон за ратификација на договорот помеѓу Република Македонија и Република Словенија за меѓусебно изречување на судските одлуки по кривичните предмети со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот дополнувањето на Договорот со нотите и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

X/1.-JM/МЛ

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Република Македонија и Република Словенија за меѓусебно извршување на судските одлуки во кривичните предмети.

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници гласаа за).

X/2.-

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој ое воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот помеѓу Република Македонија и Република Словенија за меѓусебно извршување на судските одлуки во кривичните предмети.

Минуваме на **точката 4** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Република Македонија и Република Словенија за правна помош во граѓанските и кривичните предмети, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Република Македонија и Република Словенија за правна помош во граѓанските и кривичните предмети.

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (2 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (66 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот помеѓу Република Македонија и Република Словенија за правна помош во граѓанските и кривичните предмети.

Минуваме на **точката 5** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Република Македонија и Република Словенија за предавање на лица, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

X/4.-

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Република Македонија и Република Словенија за предавање на лица.

Кој е за, молам да крене рака? (67 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на називот на Предлогот на законот и на член 1.

Отворам претрес по амандманот на називот на Предлогот на законот и на член 1, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

X/5.-

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласаше? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот помеѓу Република Македонија и Република Словенија за предавање на лица.

Минуваме на **точката 10** - Предлози за определување бројот на судии - поротници во апелационите и основните судови.

Предлозите на окружните и општинските судови за определување на бројот на судии - поротници во апелационите и основните судови ви се доставени.

Отворам претрес.

Кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Преминуваме на гласање.

Предлозите за определување бројот на судии - поротници во апелационите судови Скопје, Битола и Штип ги ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (67 пратеници гласаа за).

Дали е некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека Собранието го определи бројот на судии - поротници во апелационите судови Скопје, Битола и Штип.

X/6.-

Предлозите за определување број на судии - поротници во основните судови ги ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (66 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека Собранието го определи бројот на судии-поротници во основните судови.

Минуваме на **<u>точката 11</u>** - <u>Предлог на одлука за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната здравствена организација Специјална болница за ортопедија и трауматологија - Охрид.</u>

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака?

(65 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната здравствена организација Специјална болница за ортопедија и трауматологија - Охрид.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Четириесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 14,45 часот).